ПРИЛОГ V
ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ЦВРСТИ И ТЕЧНИ ОТПАДИ 3

1.1 | Општи информации 3
1.2 | Изѓубрување 4
1.3 | Видови и количини отпад 4
1.4 | Постапување со отпад и обврски за операторот 7
1.5 | Мерки за спречување на создавање отпад 8
1.6 | Добри фармерски практики 9

2. ДОДАТОЦИ 10

1. ЦВРСТИ И ТЕЧНИ ОТПАДИ

1.1 | Општи информации

Секоја материја или предмет што човекот ги отфрла, има намера да ги отфрли или од него според закон се бара да ги отфрли, претставува отпад.

Според извршените проценки, во Европа годишно се продуцираат над 250 милиони тони комунален отпад и над 850 милиони индустриски отпад. Брзиот раст на количествата генериран отпад претставува голем проблем за животната средина. Несоодветното постапување со отпадот, особено со отпадот што содржи опасни супстанции, може да предизвика низа несакани последици и негативни ефекти, како на пример:

- депонирањето на отпадот, како најчесто решение за елиминирање на отпадот, доколку не е соодветно управувано, може да предизвика исцедување на загадувачките супстанции во почвата и подземните води,
- со депонирање на отпадот се зафаќаат корисни површини од земјиштето и се загрозуваат заштитените природни области и местата од посебен интерес,
- инсценерацијата на отпадот, доколку не е соодветно регулирана, може да доведе до емисии на токсични супстанции во атмосферата и до производство на големи количества контаминирана пепел.

Од овие причини, со постојаното зголемување на количините на создаден отпад, од витално значење е постапувањето со отпадот да се врши на начин кој е безбеден за животната средина и животот и здравјето на луѓето.

Под постапување со отпадот се подразбира собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот, вклучувајќи ја и контролата над овие операции, како и мерките за заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето за време на работата на објектите и инсталациите за отстранување на отпадот и грижата по престанокот на нивната работа.

Третман на отпадот се механичките, физичките, термичките, хемиските или биолошките процеси со кои се менуваат својствата на отпадот со цел намалување на неговиот волумен или опасна природа, полесно ракување или поефикасно искористување на неговите употребливи материи.

Преработката на отпадот ги вклучува операциите наменети за искористување на употребливите материи и компоненти на отпадот, и тоа:

- повторното користење на отпадот,
- рециклирањето,
- користењето на отпадот како извор на енергија.

Собирањето на индустриските и други видови на цврст и суровински отпад, заедно со неговото повторно враќање во суровинскиот круг по примарната преработка, претставува една од основните активности на развиениот свет, а се во насока на подобрување на квалитетот на животната средина. Сите отпадоци настанати во процесот на производство и потрошувачка располагаат со материјална супстанца, која при примена на соодветна хемиско - технолошка постапка може да се подготви за повторна преработка, т.е. да се трансферира во секундарна суровина. Зачувувањето на природните ресурси и заштитата на животната средина посебно се изразени при собирањето и натамошниот третман на отпадните материјали кои со своите карактеристики во голема мера вршат загадување на животната средина, доколку истите останат на местата на нивното настанување.

Управувањето со отпадот е еден од најсериозните еколошки проблеми во Македонија. Општата политика за управување со отпадот, со цел да се надмине постојната состојба и да се воспостави одржлив систем за управување со отпадот, беше оформена во Законот за животна средина, во Националните еколошки акциони планови (НЕАП 1996/2007 година) и особено во Законот за управување со отпад. Законот за управување со отпадот воведува нови документи во политиката

за управување со отпад: Стратегија за управување со отпадот, Национален план за управување со отпадот и програми за управување со отпадот.

1.2 | Изѓубрување

Шталите за одгледување на кокошки се опремени со автоматизиран систем за изѓубрување. Ѓубрето што го создаваат кокошките паѓа на лента за попречно изѓубрување што го транспортира надвор од шталата. Ѓубрето се собира во бетонски отворени јами поставени веднаш на источната страна од секој од објектите, од каде преку кос транспортер за изѓубрување се товари на превозно средство со цел негово изнесување надвор од локацијата на фармата.



Слика Систем за изѓубрување

1.3 | Видови и количини отпад

Видовите отпад што се создаваат во текот на работата во фармата дадени се во табелата од поглавје V Цврст и течен отпад од образецот за барањето за интегрирана еколошка дозвола. Со оглед на тоа што станува збор за нова активност, точни податоци за количините на отпад не постојат засега (поедино се дадени претпоставени количини).

Направен е преглед и класификација на видовите отпад што се очекува да се создадат со работа на фармата за кокошки несилки ГОЛДЕН ЕГ. Класификацијата е направена согласно Листата на видови отпад (Сл. весник на РМ 100/05).

Во следната табела даден прегледот на видовите отпад што може да се создадат при работата на ГОЛДЕН ЕГ и начинот на постапување со истите.

Табела Очекувани видови на отпад во фармата за одгледување на кокошки несилки

Вид на отпад/материјал	Број од Европски от каталог на отпад	Количина		Преработка / одложување	Метод и локација на одложување
		Количина по месец [тони]	Годишна количина [тони]		
Отпад од пакување (картон, вреќи, кутии, влошки)	15 01 01		Незначителни количини	Складирање	ЈП Комунална хигиена Скопје
Угината живина (парче)	02 01 02		350 парчиња	Привремено складирање	Депонија Дрисла
Живинско ѓубре	02 01 06		400 t	Привремено складирање	Вардар био процес ДОО Градско
Отпад од растително ткиво (постелки)	02 01 03		Незначителни количини	Привремено складирање	Депонија Дрисла
Отпад од јајца	02 01 99		Незначителни количини	Собирање во посебни садови	Депонија Дрисла
Комунален отпад	20 03 01		0,5 t	Привремено складирање	ЈП Комунална хигиена Скопје

Во прилог се дадени објаснувања за секој од очекуваните видови отпад идентификувани во табелата погорен заедно со соодветни дефиниции за видовите отпад, согласно член 6 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 216/21) и Законот за нус производи од животинско потекло (Сл.весник на РСМ бр. 129/23).

Комунален отпад

Комунален отпад е отпадот од домаќинствата, како и друг отпад кој се создава во комерцијалниот и индустрискиот сектор кој поради неговите карактеристики, состав и количина е сличен со отпадот од домаќинствата.

Комерцијален отпад е секој друг отпад кој се создава од правните и физичките лица при вршење на комерцијални, индустриски, трговски, услужни, административни и слични дејности и е сличен по природа или состав со отпадот од домаќинствата (дејноста трговија на големо и мало, угостителски услуги и барови, канцеларии и пазари, како и остатокот од услужниот сектор);

Комуналниот отпад што се создава со секојдневната работа на вработените на фармата се собира во сад за комунален отпад што еднаш дневно се исфрла во контејнер. Превземањето на комуналниот отпад го врши ЈП Комунална хигиена Скопје што два пати неделно врши превземање и отстранување на комуналниот отпад.

Отпад од пакување

Отпад од пакување е секое пакување или материјал за пакување што создавачот или поседувачот ги исфрла, има намера да ги исфрли или од него се бара да ги исфрли, освен остатоците од производството;

Со оглед на видот на активноста, не се очекуваат значителни количини на отпад од пакување, со оглед на тоа што влезните материјали во процесот на одгледување се ограничени во смисла на пакувања. Согласно барањата на соодветното законодавство, овој вид отпад ќе се собира

одделно од комуналниот во посебен сад за отпад од пакување, согласно материјалот на пакувањето.

Отпад од животински екскрети (резултат на изѓубрување на фармата)

> *"Биоразградлив отпад" е секој отпад што може да биде разграден со анаеробни (без присуство на кислород) или аеробни (со присуство на кислород) процеси на разградба, како што се отпадот од храна или градинарски отпад, како и хартија и картон.*

Живинското ѓубре од фармапретставува органски отпад составен од измет од кокошки често измешан со постелка, изгубена храна и пердуви и содржи висока содржина на азот, фосфор и калиум.

Овој отпад преку автоматизиран систем се изѓубрува на два-три дена (изнесување на отпадот надвор од објектот за чување кокошки). Ѓубрето паѓа на лента за попречно изѓубрување што го транспортира надвор од шталата во посебна бетонска јама, а потоа преку кос транспортер за изѓубрување се товари на превозно средство. Изѓубрувањето на овој отпад од фармата се врши на секои три дена, а неговата количина просечно изнесува 5 m^3 (односно околу 50 m^3 месечно). Овој отпад се превзема од страна на компанијата за производство на електрична енергија од биогас Вардар био процес ДОО Градско со која Голден Ег има склучено договор за превземање на отпадот.

Договорот за превземање на отпадот е даден во додаток 1.

При подигнување на секоја тура од отпадот се издава кантарна белешка и приемница со измерени количини на отпад.

На локацијата на фармата не се врши времено складирање, ниту повторна употреба на овој отпад, па според тоа не постои опасност од инфилтрирање на материи од отпадот во подземните води и почвата и нивно загадување.

Нус производи од животинско потекло - Отпад од угината живина

> *Нуспроизводи од животинско потекло" се цели тела или делови од тела на животни, производи од животинско потекло или други производи добиени од животни, кои не се наменети за исхрана на луѓето, вклучително и јајце клетки, ембриони и семе.*

Во процесот на одгледување се јавува одреден процент на умрена живина, воглавно поради технолошка смртност (во целиот период на одгледување, просечно умираат околу 0,1% единки). Моментално, угинатата живина е во мал број и истата се предава во депонијата Дрисла. Копија од договорот за превземање на отпадот дадена е во додаток 2.

Во Голден Ег се вршат редовни ветеринарни контроли на живината и се применуваат добри фармерски практики со цел да се намали смртноста кај кокошките несилки.

Неисправните јајца и лушпите од јајца се собираат во сад за таа намена и се превземаат од страна на депонијата Дрисла.

Угинатата живина се третира како нуспроизвод од животинско потекло и управувањето со неа е задача на одобрени оператори под надзор на Агенцијата за храна и ветеринарство, при почитување на правилата за категоризација (категорија 1/2/3), начинот на собирање, транспорт, документирање и методите за нештетно отстранување или преработка. Угинатата живина се замрзнува во комора за замрзнување што се наоѓа во рамки на магацинскиот простор на фармата. Два пати годишно[1], угинатата живина, замрзната, се пакува во најлонски вреќи и со сопствено возило се транспортира во депонијата Дрисла за уништување, во однапред договрен термин. Угинатата живина на локацијата на Дрисла се мери и се издава кантарна белешка за количината и видот на измерениот отпад и потоа се носи на место на истовар. При приемот на отпадот се пополнуваат транспортен и идентификационен формулар за отпад.

Основни обврски на операторите поврзани со угината живина (отпад) се:

[1] Угинатата живина се превзема на тон количина, па затоа се складира во комора на локацијата и откако ќе се достигне соодветната количина се транспортира во Дрисла.

- Собирање, обележување и транспорт без непотребно одложување и во услови кои спречуваат ризик за јавното здравје и здравјето на животните.
- Користење соодветна амбалажа/контејнери непропустливи за течности или запечатена нова амбалажа; контејнери за повеќекратна употреба да се користат на начин што спречува вкрстена контаминација.
- Транспорт на соодветна температура и придружување на комерцијален документ или ветеринарно-здравствен сертификат со податоци за потекло, дестинација, количина и опис.
- Обезбедување дека контејнерите/возилата се чистат и дезинфицираат со пропишани процедури.
- Документација и следливост – операторите ги доставуваат ажурирани податоци до АХВ за сите објекти/погони и значајни промени.

1.4 | ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД И ОБВРСКИ ЗА ОПЕРАТОРОТ

Согласно дефинициите на законот за управување со отпад, операторот ГОЛДЕН ЕГ Скопје претставува создавач, односно поседувач на отпад.

> *Создавач е правно или физичко лице коешто создава отпад како резултат на дејноста или активноста што ја врши (првичен создавач) и/или секое лице кое изведува операции на третман, мешање или некои други операции поради кои се менува карактерот или составот на создадениот отпад (секундарен создавач);*
>
> *Поседувач е создавачот на отпад или правното и физичкото лице кое има отпад во свое владение;*

ГОЛДЕН ЕГ Скопје како оператор на фарма за кокошки несилки се стреми да управува и постапува со сите видови отпад создадени на локацијата во насока на остварување на целите на законот за управување со отпад:

1) избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
2) искористување на употребливите состојки на отпадот;
3) одржлив развој, преку зачувување и заштеда на природните ресурси;
4) спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето во согласност со принципите на циркуларната економија;
5) отстранување на отпадот на начин што е прифатлив за животната средина и
6) висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

ГОЛДЕН ЕГ Скопје како создавач на отпад, согласно обврските од Законот со управување со отпад, ќе врши постапување со отпадот[2] создаден на локацијата на фармата на начин што ќе обезбеди избегнување на:

1) загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
2) загадување на медиумите на животната средина над пропишаните граници согласно со прописите;
3) создавање бучава, непријатна миризба или зголемување на бројот на птици, инсекти и штетници;
4) уништување на природните услови за живот на животните и на растенијата;
5) уништување на заштитеното природно и културно наследство и
6) нагрдување и неуреденост на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони.

ГОЛДЕН ЕГ Скопје како создавач и поседувач на отпад е должен отпадот:

[2]Согласно член 37 од Законот за управување со отпад.

1) да го селектира;
2) да го класифицира според Листата на отпад;
3) да ги утврдува карактеристиките на отпадот;
4) да врши контрола на влијанијата на отпадот врз животната средина, животот и врз здравјето на луѓето;
5) да го складира отпадот наместа предвидени за таа намена и
6) да го преработува отпадот, а доколку неговата преработката е технички неизводлива и економски неисплатлива, да го предаде на правното и на физичкото лице кое има дозвола за собирање и за транспортирање, преработка, отстранување и/или извезување на отпадот.

Во рамките на активностите за постапување со отпадот, операторот ќе врши собирање, селекција, третман, складирање и по потреба транспортирање на отпадот до локации за крајно негово отстранување.

> *Управување со отпадот е дејност, односно активност што вклучува операции на собирање, транспортирање, складирање, преработка, повторна употреба, отстранување и промет на отпадот, вклучувајќи го и надзорот над овие операции, како и мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето за време на работата на објектите и на инсталациите за отстранување на отпадот, како и грижата за инсталациите по престанокот на нивната работа или за локациите каде отпадот е отстранет, вклучувајќи ги и активностите преземени од страна на посредник и трговец со отпад.*

ГОЛДЕН ЕГ Скопје како создавач и одговорен за отпадот што го создава со неговата работа ќе врши собирање на сите создадени видови и количини отпад и негово складирање во рамките на својата локација во соодветни садови или места. Операторот ќе обезбеди крајно отстранување на сите видови и количини отпад на правни лица или локации за соодветно управување со отпадот.

> *Складирање е времено и организирано чување на отпад во објекти коишто ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена, по претходно добиена дозвола за складирање на отпад издадена согласно со одредбите од овој закон, за период пократок од три години, кога складираниот отпад е наменет за преработка или за период пократок од една година, кога отпадот е наменет за отстранување;*

Доколку во текот на работата на фармата се променат условите и начинот на работа што ќе резултира со промена на видовите и количините на отпад на ниво на праговите дадени во член 21, операторот ќе одговори соодветно на обврската од овој член.

1.5 | Мерки за спречување на создавање отпад

Во рамки на инсталацијата ќе се превземаат соодветни мерки за минимизирање на количините на создаден отпад. Тие мерки опфаќаат:

- Оптимизација на количината и составот на храната за да се намали расипување и вишок
- Примена на FIFO систем (прв влез – прв излез) при складирање на храна
- Складирање на храната во суви, затворени и заштитени простории
- Користење автоматизирани и прилагодени системи за хранење за намалување на растурање
- Редовна проверка и одржување на опремата за хранење и напојување
- Одвојување и селекција на отпадот на местото на создавање
- Предавање на отпадот на овластени собирачи и оператори
- Одвојување и рециклирање на амбалажа од храна и ветеринарни производи
- Редовна ветеринарна контрола за намалување на морталитет и спречување на заболувања
- Водење евиденција за создадени количини отпад
- Обука на персоналот за правилно управување со отпад
- Планирање на производството според капацитетот на фармата за да се избегне пренатрупаност

- Контрола на мириси и емисии преку добра вентилација

1.6 | Добри фармерски практики

Операторот на фармата за одгледување на кокошки несилки ГОЛДЕН ЕГ ги применува следните добри фармерски практики согласно важечките прописи од областа на животна средина, ветеринарство и безбедност на храна во Македонија:

- Обезбедување соодветна густина на населеност согласно прописите за благосостојба на животни.
- Обезбедување доволна површина, пристап до храна и вода за секоја единка.
- Одржување оптимални микроклиматски услови во објектите (температура, влажност, вентилација и контрола на амонијак).
- Примена на соодветен светлосен режим согласно производната фаза.
- Обезбедување континуиран пристап до здравствено исправна вода.
- Користење балансирана и контролирана исхрана со цел намалување на емисии и подобрување на продуктивноста.
- Редовна ветеринарна контрола и спроведување програма за вакцинација.
- Примена на биосигурносни мерки (контролиран пристап, дезинфекциски бариери, заштитна опрема за вработени).
- Редовно чистење и дезинфекција на објектите и опремата.
- Спроведување мерки за контрола на глодари и инсекти.
- Водење евиденција за здравствена состојба, морталитет, потрошувачка на храна и вода.
- Правилно управување со живински измет и легло, со складирање на непропустлива подлога и заштита од истекување.
- Предавање на отпад (вклучително и угинати птици) на овластени оператори согласно законските прописи.
- Селекција, правилно складирање и пакување на јајца согласно HACCP принципи.
- Одвојување и правилно управување со неопасен и опасен отпад.
- Рационално користење на вода и енергија.
- Редовно одржување и сервисирање на техничката опрема.
- Обука на персоналот за заштита на животна средина и благосостојба на животните.
- Примена на најдобри достапни техники (BAT) со цел намалување на емисии во воздух, почва и вода.
- Подготовка и спроведување на план за итни случаи (болести, пожар, прекин на електрична енергија).

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Договор за превземање на живинско ѓубриво

Додаток 2 Договор за превземање на отпад од угината живина

Додаток 1 Договор за превземање на живинско ѓубриво

Друштво за производство на електрична енергија
ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО
бр. 05-54/1
01.09 2024 год.
ГРАДСКО

ДОГОВОР
ЗА ОТКУП НА ОРГАНСКИ ОТПАД

Склучен во Градско на 01.09.2024 година помеѓу:

Помеѓу:

1. Вардар Био Процес ДОО Градско, со седиште на ул. Автопат бр.4 , Градско, застапувано од Благоја Тужароски, како Откупувач и

2. Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово СКОПЈЕ, седиште ул/ 1552 бр.70 Визбегово СКОПЈЕ, ЕМБС 6459064, застапувано од Еми Зејџри како Продавач.

Член 1

Откупувачот е трговско друштво кое се занимава со производство на електрична енергија од биогас. За целите на вршењето на дејноста има потреба од користење на органски отпад. Продавачот е трговско друштво кое при вршењето на неговата дејност продуцира органски отпад кој треба соодветно да се третира. Поради тоа договорните страни имаат интерес од меѓусебна ,соработка со цел правилно третирање и користење на органскиот отпад, а со тоа и спречување на влегување органски отпад во депонии или согорувачи. Со реализацијата на овој договор се влијае врз зачување на животната средина, елиминирање на мирисите, штетните гасови и елиминирање на CO_2 во атмосферата, а со тоа се штеди енергија бидејќи може да се произведе во форма на биогас.

Член 2

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со откуп на органски отпад од **кокошки.**

Член 3

Продавачот се обврзува целокупниот органски отпад од неговото производство да го продава исклучиво на Откупувачот. Предавањето на отпадот ќе биде од седиштето односно производствените капацитети на Продавачот, а транспортот ќе биде обврска на Откупувачот. За секоја подигната тура Откупувачот ќе издава кантарни белешки и приемници, а количината на откупениот отпад ќе се утврдува со мерење во објектите на откупувачот (на неговата вага) веднаш по утоварот на отпадот.

Член 4

Откупувачот се обврзува да го откупи целото количество на органски отпад кое го има Продавачот. Откупувачот се обврзува веднаш по известувањето од страна на Продавачот дека истиот има отпад, во претходно договорените термини за подигање на отпадот на редовна основа, да обезбеди превоз на отпадот од капацитетите на

Продавачот до неговите капацитети. Веднаш по утоварот Откупувачот ќе изврши мерење на отпадот за што е должен да издаде кантарна белешка и приемница.

Член 5

Договорните страни се согласни откупната цена да биде 150 денари за еден тон. Количините ќе се утврдуваат единствено врз основа на уредно потпишани кантарни белешки и испратници. Ако превземената количина има помалку од 1-5 тона, цената по тон ќе се дефинира спогодбено, со цел да има економска исплатливост на превозот.

Член 6

Продавачот се обврзува целокупното количество на органски отпад да го испорачува единствено на Откупувачот. Откупувачот има обврска да ги откупи целокупните количини на органски отпад.

Член 7

Договорот се склучува за временски период од 10 (десет) години. Договорот може да се раскине само спогодбено, по заемна согласност на договорните страни, или едностранo од страна на превземачот доколку нема економска исплатливост на превземачот. Договорот престанува да важи доколку една од договорните страни престане со работа или на друг начин ќе престане да постои.

Член 8

Договорните страни се согласни во случај на евентуален спор кој би произлегол во врска со овој договор стварно и месно надлежен да биде Основниот Суд Скопје II.

Член 9

Овој договор е составен во 2 (два) еднообразни примерока од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Договорни страни:

Вардар Био Процес

ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ

Додаток 2 Договор за превземање на отпад од угината живина

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr. 03- 1200/2
21.08 2025 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

Јавното претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје, со седиште на Бул.Илинден ББ Скопје, Центар, локација на депонијата ул.1 бр. 382 Батинци, Студеничани, П фах 34,со ЕМБС 6533191, ЕДБ 4080009506800, жиро сметка 300000003384172 на Комерцијална Банка АД Скопје, **како Давател на услуги** застапувано од **В.Д. Директорот Самир Хусени и**

Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с.Визбегово Скопје со седиште на ул. 1552 бр. 70 Визбегово, Бутел – ЕМБС 6459064: ЕДБ 4038009500253, жиро сметка 300-000002887241 на Комерцијална Банка АД Скопје, **како Корисник на услуга,** застапувано од **Управител Емин Зеќири.**

Член 1

Предмет на овој договор е прием на прехранбени стоки, согласно Листата на видови отпад (Сл.весник на РМ бр.100/05) и Измената на А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА број УП1-11/3-1541/2021 од 27.07.2022 год. издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 2

Корисникот на услугата се обврзува со сопствено или изнајмено возило кое има дозвола за транспорт на отпад кој е предмет на овој Договор, да го транспортира отпадот од чл.1 во депонија Дрисла со однапред договорен термин за уништување и изготвена соодветна документација согласно Законот за управување со отпад (Сл.весник на РСМ 216/21) и Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Сл.весник на РМ бр.7/06) и други подзаконски акти кои ја регулираат оваа област, како и однапред да достави копија од Лабораториска анализа за отпадот издадена од акредитирана лабораторија. Корисникот на услугата се задолжува 2 дена пред секое носење на отпадот да ги извести референтите за уништување на отпад Натка Среброва natka.s@drisla.mk 076/317-116 и Оливер Мирчески oliver@drisla.mk 075/208-387 за прехранбени стоки на што ќе добие одговор и термин за понатамошно постапување со отпадот.

Член 3

Давателот на услугата се обврзува возилата со отпад да ги прифати во однапред договорен термин, да изврши мерење на отпадот и издаде Кантарна Белешка за количината и видот на измерениот отпад, да ги провери и контролира транспортниот и идентификациониот формулар, да го посочи местото за истовар придржувајќи се на технолошкиот процес на депонирање на отпадот. Давателот на услугата при приемот на отпад ги проверува, контролира и соодветно дополнува транспортниот и идентификациониот формулар согласно Законските и подзаконски акти наведени во чл.2 од овој Договор и по еден примерок од двата задржува за себе.

Член 4

Договорните страни се согласни Корисникот да го истовари отпадот од сопственото возило со свои работници на местото посочено од Давателот на услугите. Корисникот на услугата е должен да му достави листа на возила со кои ќе врши транспорт на отпад до депонијата. Доколку дојде до измена за истата да не известите заради дигиталната база на ЈП Депонија Дрисла.

Член 5

Цената на извршената услуга ќе се наплати согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата изнесува:-3.100,00 ден/тон за прехранбени стоки
Цената за наведените услуги е без пресметан ДДВ (5%)

Член 6

Корисникот на услугата е согласен доколку отпадот кој го донесе не е предмет на договор, а го има во А-Интегрираната Еколошка Дозвола на ЈП Депонија ДРИСЛА издадена од

Изготвил: О.Абдула
Контролирал: Б.Андоновска
Одобрил : С.Стојаноска

Министерството за животна средина и просторно планирање, да биде тарифиран согласно важечкиот Тарифник на Давателот на услугата.

Член 7

Доколку давателот на услугата изврши било какви промени во методологијата или цената на услугите, Давателот на услугите го задржува правото истите да ги примени.
Давателот на услугите е должен најмногу 30 дена откако промените од став 1 на овој член ќе стапат во сила, да го извести Корисникот на услугите за истите, а Корисникот на услугите има право доколку промените за него не се прифатливи да го раскине овој Договор во рок од 30 дена од добивањето на известувањето.

Член 8

Давателот на услугата на крајот на месецот ќе му фактурира на Корисникот на услугите.
Давателот на услугите се обврзува заедно со фактурата на Корисникот на услугата да му достави и спецификација со пресметки за извршените услуги.
Корисникот на услугата е должен доставената фактура да ја плати до 8-ми (осми) во месецот за претходниот месец. Доколку паричната обврска не е исполнета во договорениот рок Давателот на услугата има право да пресмета и наплати казнена камата утврдена со Закон и надоместок за доцнење при исполнувањето на паричната обврска согласно Законот за финансиска дисциплина.

Член 9

Доколку Корисникот на услугите не плати две последователни фактури, Давателот на услугите има право да прекине со давањето на услугата се до подмирување на обврските, без претходно да има обврска да го извести Корисникот на услугата.

Член 10

За се што не е опфатено со одредбите на овој Договор ќе важат општите одредби на ЗОО.

Член 11

Овој Договор стапува на сила со денот на неговото потпишување и е со важност од **1 (една) година**.
Договорот може да биде раскинат и пред истекот на наведениот период доколку едната страна во пишана форма ја извести другата страна 30 (триесет) дена пред датата која го утврдила за престанок на Договорот.
Корисникот на услугата се согласува да го потпише и врати договорот во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на договорот. Во спротивно договорот нема да се смета за склучен.

Член 12

Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат со заедничка согласност на договорните страни, по писмен пат со Анекс на овој Договор.

Член 13

Доколку настане спор од одредбите на овој Договор двете страни ќе го решат спогодбено, а ако тоа не е можно надлежен е Основниот Граѓански Суд во Скопје.

Член 14

Овој Договор е изготвен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примероци потпишани и заверени за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

Давател на услуга
ЈП депонија Дрисла Скопје

В.Д. Директор

Самир Хусени

Корисник на услуга
ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ
с.Визбегово Скопје
Управител

Емин Зеќири

Изготвил: О.Абдула
Контролирал: Б.Андоновска
Одобрил : С.Стојаноска

КРАЈ